МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА*

ЗА III ГОДИНА

Скопје, 2003 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
**1.2. Вид на средно образование:** ГИМНАЗИСКО
**1.3. Диференцијација на наставниот предмет:** општоообразовен
**1.4. Година на изучување на наставниот предмет:** трета (III) година
**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт):** 4 часа
**1.5.2. Број на часови годишно:** 144 часа
**1.6. Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел

Целта на наставата по турски јазик и литература е да ги оспособи учениците да комуницираат на турски литературен јазик, во функција на општото и понатамошното образование, да им овозможи совладување на основните карактеристики на турската и светската (преведената) литература, да ги оспособи за самообразование и да ги подготви за неговото оспособување и создавање на граѓанин со демократски сфаќања.

Програмата да им помогне на учениците да можат:

- да ги користат нормите и да го усвојуваат кодот на турскиот литературен јазик и неговите функционални стилови;
- да ги разбираат и да ги употребуваат функциите на јазикот како најсовршено средство за комуникација во литературата, културата и науката и да ги развиваат естетските чувства;
- да умеат самостојно усно и писмено да ги изразуваат своите знаења, чувства, мисли, ставови и сфаќања;
- да создаваат навика, по пат на примена на граматичките правила и автоматизам, да ги почитуваат нормите на турскиот литературен јазик во сопственото изразување и да ги согледуваат и коригираат кај другите;
- да ја развиваат и зацврстуваат свеста за значењето на турскиот литературен јазик како основен, клучен белег на националниот идентитет и припадност на турската јазична заедница;

- да усвојуваат позитивни знаења од теоријата и историјата на литературата (термини, поими, факти, теории), како и методолошки и вредносни знаења (аналитичко-интерпретативни) , со што ќе бидат способни и ќе умеат самостојно, творечки да комуницираат со литературните дела од турската и светската литература;
- да умеат своите јазично-литературни и општокомуникациски знаења, умеења и способности да ги користат за доживување, разбирање и критички однос кон медиумите (театарот, филмот, печатените и електронските медиуми);
- да ги развиваат своите емоционални и интелектуални способности и умеења (емоционална зрелост, интелектуална зрелост);
- да развиваат и усвојуваат општествено прифатливи карактерни особини и модели на однесување (социјална зрелост).

### 2.1.1. Посебни цели

Од општата цел на наставата по турски јазик и литература со комунукации произлегуваат посебните цели:

- ученикот да го научи литературниот турски јазик од оригиналните и од преведените дела од македонската и светската литература;
- да ја сфати улогата на јазикот во процесот на образованието и воспитанието;
- да може да го сфати во детали она што го слуша и чита;
- да се оспособува за сé она што слуша, гледа, мисли и разбира да може усно или писмено по одреден план течно да се изразува;
- да го прифати читањето како неминовна потреба и задоволство и да стекне навика за читање;
- да сфати дека турскиот јазик има свои правила, дека е богат, дека со помош на овој јазик низ историјата се создадени врвни дела од различни жанрови; да се докаже дека со турскиот јазик и ден денеска се твори во светски размери;
- да знае да ги применува правописот, говорот и естетските финеси на турскиот литературен јазик;
- да знае да ги користи заедничките културни вредности;
- да ги научи можностите на турскиот јазик, примената, и да може да стекне навика да анализира и синтетизира преку активностите слушање, читање и пишување;
- да се запознае со културното наследство преку активностите усно и писмено анализирање на текстовите и при создавање на нови литературни состави.

Според ова, знаењата и способностите кои треба да се стекнат по предметот турски јазик и книжевност се следните:

- ученкот да може правилно да комуницира на турски литературен јазик во секојдневниот живот, на академско и на друго ниво;
- да може да ги применува јазичните норми во секојдневната комуникација (усна или писмена) и во професионално насочен контекст;
- преку совладување на литературните вредности да ги развива личните способности во функција на граѓани со демократски ставови.

### 2.2. Придонес кон општообразовните цели

Со оспособувањето на учениците да комунуцираат на турски јазик на сите нивоа на комуникација се реализираат општообразовните цели:

- да го разбира и применува турскиот литературен јазик преку усното и писменото изразување;
- да се подготвува за понатамошно образование на стручен и научен план;
- да се запознае со турската литература и со другите литератури со што му помогне во меѓукултурната соработка.

### 2.3. Придонес кон стручното оспособување

Со оспособувањето на ученикот да комуницира на турски јазик во конкретен професионален и профилски насочен контекст, ќе се даде придонес во исполнувањето на задачите на стручната оспособеност.

Конкретен придонес на оваа цел е:

- ученикот ќе може да користи литература од областа на соодветната професија (брошури, билтени, речници, инструкции, прирачници итн.);
- да ја разбере важноста на врската меѓу теоријата и практиката преку посебно нагласената професионална и профилски насочена комуникација;
- да ја сфати потребата дека за прибирање и стекнување на знаења, како и читањето е можно само под услов усвојување на турскиот јазик и литература.

### 2.4. Придонес кон индивидуалниот развој

Конкретниот придонес кон оваа посебна задача е:

- ученикот да се оспособи да комуницира на турски јазик и да користи разни извори за информирање и учење;
- да ги развие вештините: решавање проблеми, способност за соработка, одговорност и креативност преку применетата методологија во процесот на учењето на турскиот јазик;
- да се развие како личност со одговорно и совесно однесување и како граѓанин на демократско општество.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Во почетокот на трета година од гимназиското образование, се претпоставува дека учениците ги поседуваат следните вештини и знаења:

- го разбираат глобално материјалот на турски јазик со неопходното познавање на турската и светската (преведената) литература;
- користат доволен фонд на зборови и имаат знаења од областа на граматиката, така што правилно комуницираат на турски јазик;
- ја разбираат информацијата и ги толкуваат јазичните изразни средства во даден текст, а од различни извори можат да пренесат информации од областа на комуникацијата, јазикот и литературата.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| К О М У Н И К А Ц И Ј А (36 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **УСНО И ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ**<br><br><br><br><br><br><br><br><br>СЛУШАЊЕ<br><br><br><br><br><br>РАЗГОВОР | Ученикот:<br><br>- да воспоставува добар однос со другите личности-соговорници;<br><br>- да го идентификува правилното изразување и korиста што произлегува од тоа;<br><br>- да ги сфати причините на авторитет кај личности кои добро се изразуваат;<br><br>- да може да фати прибелешки; да умее да го критикува соговорникот; да може да издвои изводи од еден разговор; да може слушаното да го пренесе на хартија.<br><br>- да го сфати концептот на дијалектот и на говорот; што е литературен јазик; елементите кои го комплети- | - Вежби за добро однесување со соговорникот; одмереност кон другите;<br>- усни и писмени вежби;<br><br>- разговор со личности од блиската околина кои можат добро да се изразуваат.<br><br>- усни вежби за добро следење на соговорникот;<br><br>- усни и писмени вежби. | Со другите јазици со истакнување на важноста на овие дисциплини и нивната поврзаност со фонетиката, морфологијата, синтаксата и лексилогијата; со теорија на литературата и др. *со истакнување на важноста на овие дисциплини и нивната поврзаност со фонетиката,* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | раат еден јазик; местото и улогата на литературниот јазик во областа на уметноста, литературата и во научно-то истражување; за подготвени и неподготвени разговори; за местото на лирературниот јазик при ментал-ните (интелектуалните) разговори; да може да ја развие способноста за рецитирање на песна, да го унапредува читањето и др. | | *морфологијата, синтаксата и лексикологијата; со теорија на литературата и др.* |
| ЧИТАЊЕ | | | |
| - Читање при истражување | - да фаќа прибелешки при читање; во текстот ги лоцира елементите; | - Писмени вежби за унапредување на читањето. | |
| - Врската на времето, местото, логич-носта и научноста во еден текст | - да ја разликува важноста и односот на времето, местото, логичноста и научноста во даден текст; | | |
| -Прераскажување, опис, образложу-вање на специфич-ностите на научни-те и на интелекту-алните елементи | - да ги идентификува прераскажува-њето, описот, образложувањето и специфичностите на научните и на интелектуалните елементи во текст. | | |
| - Состав | - да составува куси текстови; и да го разликува планот кај текстовите; | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Коментирање на еден текст од разни аспекти<br><br>ПИШУВАЊЕ<br>- Пишување по даден план<br><br>- Психолошки текстови<br><br>- Анализирање на текстови | - да коментира текст од разни аспекти;<br>- да воспоставува паралела и да воочува спротивности помеѓу вистинската личност, настанот и личноста во текстот;<br><br>- да пишува по даден план: краток расказ во кратки црти со однапрет дадена тема; да пишува самостојно подолг расказ;<br><br>- да пишува анегдоти, статии и есеи;<br><br>- да ги анализира текстовите по дадениот план; од граматика гледна точка; правописот и интернунциските знаци. | - Писмени вежби. | |
| ПИСМЕНА РАБОТА | - Да изработи **четири ( 4 )** писмени работи во текот на една учебна година. | - Во писмените работи да се применуваат барањата од предвидените теми кои досега се изработени. | |

| Г Р А М А Т И К А (36 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **СОДРЖИНА НА ЈАЗИКОТ**<br>- Местото на турскиот јазик меѓу светските јазици и местата каде се зборува турскиот јазик | Ученикот:<br>- да го дефинира местото на турскиот јазик меѓу светските јазици; да ги идентификува и да ги покажува на географска карта местата во светот каде се зборува турскиот јазик; | - Усни вежби, географска карта и др. | Со странските јазици со истакнување на важноста на овие дисциплини и нивната поврзаност со фонетиката, синтаксата и лексикологијата. |
| - Разните особености на јазикот | - да го разликува локалниот говор од дијалектите; да го разликува литературниот јазик од другите јазици. | | Со сите странски јазици се потенцира значањето на националниот јазик. |
| **ГРУПА НА ЗБОРОВИ И РЕЧЕНИЦА**<br>- Група на зборови кои се наоѓаат во главните елементи на реченицата | - да ги идентификува групите на зборови кои се наоѓаат во главните елементи на реченицата: присвојна конструкција; конструкција кај придавките; група на повторување; присвојна група; група на предлози; сложен глагол-група на глаголи; група на извичници; група на сврзници; и група на скратеници. | - Вежби на реченици. | Со секој јазик чиј речник е составен од голем број на зборави.<br><br>- Граматика, правописот на турскиот јазик и на другите светски јазици, лексикографија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Елементи кои ја формираат реченицата<br><br><br>**АНАЛИЗИРАЊЕ НА РЕЧЕНИЦА**<br><br><br>**ПРАВОПИС И ИНТЕРПУНЦИЈА** | - да ги разликува елементите кои ја формираат реченицата: глаголот, подметот, додатоците, прилозите;<br><br>- да ја анализира реченицата;<br><br><br>- да ги разликува и правилно применува интерпункциските и правописните знаци. | - Вежби за препознавање и лоцирање на елементите во реченицата.<br><br>- Анализа на реченици.<br><br><br>- Врз основа на текстови од различен вид (печат, учебници по различни предмети, книги за лектира) како илустрација за правилната и неправилната употреба на интерпункциските и правописните знаци. Текстови со намерни грешки без интерпункциски знаци и без големи букви). | |

| ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА (72 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **ПОСТОЕЊЕТО И ЦЕЛТА НА ЛИТЕРАТУРАТА**<br><br>**- Турската литература во 19 век**<br><br>*Избор од поезијата на:*<br>- Јенишехирли Авни<br>- Ендерунлу Васиф (шаркија)<br>- К.И.Молла (Михнет-и Кеќан)<br>-Дадалоглу<br>-Сејрани<br>-Бајбуртлу Зихни<br>-Ерзурумлу Емрах<br><br>*Избор од прозата на:*<br>Мутерџим Асим | Ученикот:<br><br>- да ги разликува интересот и заемното влијание помеѓу литературата и социолошката компонента; да ги разликува идејните движења во литературата и литературните струи;<br>- да ги разликува периодите на турската литература;<br><br>- да ги идентификува општите карактеристики на турската литература во 19 век;<br><br>- да се запознае со карактеристики на прозата и со претставниците од овој период. | - Вежби во кои при обработка на содржините треба да се имаат предвид овие елементи.<br><br>- примери од проза и поезија;<br><br>- извадоци од делото. | Со историја на литературата, теорија на литературата, ликовните уметности, музичката уметност и со историјата на религијата, со светската литература.<br><br>Со општата историја и историја на филозофијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Светска литература во 19 век<br><br>- Виктор Иго<br><br>- Л. Толстој<br><br>- Р. Тагоре | - да се запознае со карактеристиките на прозата и со претставниците од 19 век во светската литература;<br><br>- да ги усвои најважните податоци за животот и и за делото на Виктор Иго и за основните белези на француската литература; ги знае и другите претставници на францускиот романтизам ... и др.;<br><br>- да ги усвои најважните податоци за животот и за делото на Л. Н. Толстој; да ги усвои белезите на реализмот во руската литература; да ги усвои белезите на реализмот во руската книжевност; ги знае другите преставници од реализмот во руската книжевност;<br><br>- да ги усвои најважните податоци за животот и делото на Тагоре; да ги усвои белезите во неговото творештво, за неговото сфаќање за убавите нешта, за детската лубов, за едноставноста и за постоењето на Господ и за филозофските елементи во неговото творештво; | - примери од светската книжевност од овој период.<br><br>- текстови и визуелен материјал како илустра-ција за творештвото на Виктор Иго;<br><br>- текстови и визуелен материјал како илустра-ција на творештвото на Толстој; текстови од другите претставници од руската книжевност од овој период;<br><br>- текстови од творештвото на Р. Тагоре; | Со историјата, историјата на религијата и музичката уметност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Стендал | - да ги усвои најважните податоци за животот и делото на Стендал; да ги усвои белезите во неговото творештво; да ги усвои белезите на реализмот; | - извадоци од романот Црвено и црно. | |
| - Чарлс Дикенс | - да ги усвои најважните податоци за животот и делото на Чарлс Дикенс; да ги усвои белезите на неговото творештво и реализмот во ноговите дела; ги знае претставниците од англиската книжевност во овој период; | - текстови од неговото творештво и примери од другите претставници од овој период; | |
| - Пол Вернер | - да ги знае основните белези на француската литература; знае за основните карактеристики на семболизмот и за претставниците на француската литература. | - текстови од неговото творештво и примери од другите претставници од овој период; | |
| **РАЗВОЈОТ НА ТУРСКАТА ЛИТЕРАТУРА ПОД ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАПАДНАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА**<br><br>**ПЕРИОД НА ТАНЗИМАТОТ ВО ТУРСКАТА ЛИТЕРАТУРА -1** | - да знае за општите карактеристики на овој период; глобално за општесвено-политичките промени и влијанието на литературата воопшто во овој период; | - текстови од овој период; | Историја на литературата и јазикот, историја на религијата, теорија на литературата, историја на уметноста, историја на филозофијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ОДВОЈУВАЊЕ ОД КЛАСИЧНАТА (ДИВАН) ЛИТЕРАТУРА**<br><br>*Избор од прозата на:*<br><br>- Шинаси | за литературнот јазик, за литературните видови, за темите, за тоа дека видовите на поезијата се продолжение од класичната турска поезија и др.<br><br>- да знае за животот и делото на Шинаси; да го разликува литературниот вид статија; | - презентирање примери од статиите; | Историја, историја на религијата и музичка уметност. |
| - Намик Кемал<br><br>*Избор од поезијата на:* | - да знае за животот и делото на Н. Кемал; да знае дека покрај поезијата пишувал и прозни дела и е познат како личност кој прв напишал роман; ги разликува елементите на традиционалниот расказ наречен меддах со сегашниот расказ; | - текстови од прозните дела и исечоци од романот Интибах (Будење); | |
| - Зија Паша | - да знае за животот и делото на З. Паша; да ги разликува песимистичките елементи во неговата поезија; влијанието на диванската литература, а особено влијанието на Наби врз Зија Паша; | - примери од поезијата; | |
| - Намик Кемал | - да знае за поетот наречен како татковински и слободарски поет. | - примери од поезијата ( од касиде -анг. еулогs ); | |
| **ПЕРИОД НА ТАНЗИМАТОТ ВО ТУРСКАТА ЛИТЕРАТУРА -2** | - Глобално да знае за општествено-политичката состојба и нејзиното влијание на литературата воопшто; општите прилики на литературата во | - текстови од овој период; | Историјата и теоријата на литературата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Прозни дела:* | овој период (пишување со чист литера-турен јазик, напуштање на принципот од необраќање кон народот, напуштање на политичките и социјалните теми на сметка на индивидуалните чувства, нови прозни видови, обработување на темите како што се смртта во поезијата, лубовта, природата и др.; | | |
| - А. Х. Тархан<br><br>*Неутрални личности од овој период* | - да знае за животот и делото на А.Х.Тархан; да знае за римата, видовите на поезијата на Тархани за новините што има внесено во неговите дела; | - обработка на песната "макбер" (Гроб)и други пример; | |
| - А. М. Ефенди | - да знае за животот и да делото; покрај јазикот да ги препознава и социјалните елементи и трагите на меддахот во неговите дела; | - читање и анализирање на дел од романот на А. Митхат Ефенди; | |
| - Муаллим Наџи | - да знае за животот и делото на М. Наџи; да го разликува литературниот вид "литератур-на критика" од другите литературнни видови. | - пример од литературната критика од М.Наџи; | |
| - А. Вефик Паша | - да знае за животот и делото на А. В. Паша; да знае за творештвото од областа на турскиот јазик, историјата и од театарот како и за влијанието на молиер во неговите дела; | - текстови од драмата на А. В. Паша и читање во улоги; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЕДЕБИЈАТИ ЏЕДИДЕ**<br>*Литературни здруженија:*<br><br>-Здружението "Едебијати Џедиде (Сервети Фунун)<br><br><br><br><br>*Избор од поезијата на:* | - да знае за местото и улогата на здружението на здружението "Едебијати Џедиде (Сервети Фунун); јазикот кој се применувал во ова здружение, за тоа дека турската литература треба целосно да потпадне под западната култура; за новинте во поезијата и др.; | - примери од претставни-ците на коиприпаѓаат на ова здружение; | - Општа историја и историја на филозофијата. |
| - Тевфик Фикрет<br><br><br>*Избор од прозата на:* | - да знае за животот и делото на Т. Фикрет; да ги препознава белезите на "мустезат" | - анализа на примери од творештвото на Т.Фикрет | |
| - Х. Зија Ушаклигил | - да знае за делото и животот на Х.З. Ушаклигил | - текстови (читање и анали-зирање на делови од прозните дела на Х. Ушаклигил. | |
| - Мехмет Рауф | - да знае за животот и делото на М. Рауф; да ги идентификува психолошките елементи во неговите дела; | - извадок од романот; | |
| *Неутрални личности од овој период*<br>- Ахмет Расим | - да знае за животот и делото на Ахмет Расим; | - примери од анегдотите. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Здружението **Феџри Ати*** | - да знае за општите податоци за здружението **Феџри Ати** и **Основачкото комунике** што било објавено во списанието "Сервети Фунун"; | - да се прочита **Основачкото комунике** на здружението | |
| - Ахмет Хашим | - да знае за животот и делото на А. Хашим; да може да ги идентификува симболистичките и импресионистичките елементи и описот во неговата поезија; | - анализа на песни од делата **Гол Саатлери** и **Пијале;** | Со историјата и внатрешна корелација-со историјата на литературата и со теорија на литературата. |
| **НАЦИОНАЛНА ЛИТЕРАТУРА** *Избор од поезијата на:* | - ги знае за општите податоци на движењето на националната литература | - примери од овој период; аудио и визуелни материјали; | |
| - Мехмет Емин Јурдакул | - да знае за животот и делото на М. Е. Јурдакул; да го разликува јазикот и специфичностите на видовите на метриката (прифаќањето на слоговата метрика); | - примери од поезијата; | |
| *Избор од прозата на:* - Омер Сејфеттин | - да знае за животот и делото на Омер Сејфеттин; да го знае местото во Турската литература по напишаните раскази. | - примери од расказите. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Независни претставници на овој период*** | | | |
| - Мехмет Акиф Ерсој | - да знае за животот и за делото на М.А.Ерсој; | - примери од стихозбирката **Сафахат**. | Историја, историја на литературата, историја на уметноста, историја на филозофијата и музичка уметност. |
| - Јахја Ќемал Бејатли | - да знае за животот и делото на Ј. Ќ. Бејатли; да ги знае елементите на отоманската култура и интересот кон историјата во неговите дела. | - примери од поезијата и прозата; аудио-визуелни материјали | |
| **ПЕРИОД НА НАЦИОНАЛНИОТ ОТПОР** | - да знае за општите податоци на литературата во овој период; | - примери од овој период | Историја, историја на уметноста, внатрешна корелација со историјата на литератур ( врски со античката литература трагедијата). |
| *Избор од поезијата на:*<br>-Халит Нусрет Зорлутуна<br>*Избор од прозата на:* | - да знае за животот и делото на Х. Н. Зорлутуна; | - примери од прозата | |
| - Рушен Ешреф Унајдин | - да знае за животот и делото на Рушен Ешреф Унајдин. | - примери од поезијата, интервјуа и спомените на Р. Е Унајдин | |
| ЛЕКТИРА<br>1. Хликарнас Баликчиси: **Добарден Средозомно Море**<br>2. Шинаси: **Женидбата на поетот**<br>3. Џахит Кулеби: Избор од поезијата<br>4. Орхан Вели Каник: Избор од поезијата | - Во текот на учебната година да се обработуваат најмалку седум (7) дела од лектирниот список. | - Да се настојува да се обработуваат дела од различни литературни жанрови. | Со историјата, со ликовната уметност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Омер Сејфеттин: **Високите петици**<br>6. Орхан Кемал: **Тепачка за леб**<br>7. Блаже Конески: **Везилка**<br>8. Чарлс Дикенс: **Оливер Твист**<br>9. Александар Дума: **Девојката со камелии**<br>10. Евлија Челебија: делови од **Сејахатнаме** (Патописот)<br>11. Избор<br>12. Избор | | | Со историјата, историја на уметноста и теорија на уметноста и др. |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Образовната технологија што се препорачува се базира на претпоставката дека турскиот јазик како наставен предмет се изучува на сите нивоа во нашиот образовен систем.

Наставникот треба да применува функционални методи на учење со особен акцент на активностите на учениците, коишто се базираат на нивниот интерес со цел да се создаде погодна клима за учење.

Да им се овозможи на учениците колку што е можно повеќе да го користат турскиот јазик и неговите изразни средства заради правилно и точно применување во непосредната комуникација.

Важно е постепено да се оди од функционално кон систематско ниво со цел да се развива мотивацијата на учениците со практична примена на литературниот турски јазик.

*Основни наставни методи*

Како основни методи што можат да се користат во наставата по турски јазик и литература со комуникации се методите што се заеднички за повеќето предмети, а тоа се: демонстрација, дискусија, решавање проблеми, самостојна работа на учениците на проекти. Покрај овие основни методи не значи дека во процесот на учење не можат да најдат место и другите методи како што се: природната метода, тивкиот начин, аудио-лингвалната метода итн.

*Активности на ученикот*

Зависно од применетите методи во процесот на учењето активностите на ученикот се сведуваат на: слушање, прибележување, повторување, вежбање, читање, откривање односи и законитости, самостојно учење, проверување. применување, работа во двојки и групи (игри по улоги, комуникативни игри), изработување домашни задачи, дискутирање, опишување, раскажување итн.

*Активности на наставникот*

Активностите на наставникот се сведуваат, главно, на зборување, читање, дискутирање, давање упатства, пишување на табла, демонстрирање, објаснување, оценување задачи, поставување прашање, организирање работа во двојки и групи, правење забелешки, мотивирање, иновирање итн.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Според зацртаните цели на наставниот предмет, наставата се реализира во специјализирани училници, во две полугодија со определен неделен фонд на часови. Домашната работа се реализира дома и во училиште.

**4.4. Наставни средства и помагала**

Заради поефикасно постигнување на целите на наставниот предмет **турски јазик и литература со комуникации,** се применуваат разни наставни средства и помагала како:
- прирачник по литература за III година;

- учебници по граматика со комуникација за III година;
- учебник за теорија и литература за III година;
- прирачник за учениците.

### 4.4.1. Додатна литература за наставникот:

- прирачник за наставникот;
- примероци од учебници-книги, литература за лична употреба;
- претплата преку училиштето на стручни списанија / весници;
- примероци од каталози на материјали за учење методика по јазик и литература;
- фотокопир и др.

### 4.4.2. Опременост на наставните простории

За предметот турски јазик и литература со комуникации во средните стручни училишта се препорачуваат следните учлнички средства:

- вообичаен инвентар; клупи, столчиња, табла;
- графоскоп (може заеднички за повеќе предмети);
- пристап до Интернет (може и во просторијата со компјутери);
- касетофон и видео / ТВ (може заеднички).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се следат перманентно преку усно проверување и преку писмено проверување со тестови на знаења по секоја завршена тематска целина. Исто така, на крајот на полугодието и наставната година се изработуваат тестови на знаења. Доколку ученикот не го исполни основниот критериум на потребните знаења, наведени во тестовите за тематските целини или за целокупниот наставен материјал, се упатува на поправен испит.

MAKEDONYA EĞİTİM VE BİLİM BAKANLIĞI
EĞİTİMİ İLERLETME BÜROSU

REFORM EDİLMİŞ LİSE ÖĞRETİMİ İÇİN

# *TÜRK DİLİ VE EDEBİYATI*

ÖĞRETİM PROGRAMI

**SINIF III**

**Üsküp, Mayis 2003**

## 1. TANITICI BİLGİLER

1.1. Öğretim Dersinin Adı: TÜRK DİLİ VE EDEBİYATI
1.2. Orta Okulun Türü: L İ S E
1.3. Öğretim Dersinin Okutulduğu Sınıf (Dönemi): Sınıf Üç (III)
1.4. Öğretim Dersinin Ders Fonu (Saatleri)
1.4.1. Haftalık Ders Fonu: 4 Ders
1.4.2. Yıllık Ders Fonu (Öğretim Miktarı): 144 Ders
1.5. Öğretim Dersin Konumu: Zorunlu Ders

## 2. ÖĞRETİM PROGRAMIN AMAÇLARI

### 2.1. Genel amaçlar

- Türk Dili ve Edebiyatı eğitim programının temel amacı, öğrencilerin: Edebiyat, dilbilgisi ve kompozisyon öğretim ve eğitim süreci içinde Makedonya Cumhuriyeti Anayasası ile Milli Eğitim ve Bilim Bakanlığı kanun ve hükümler doğrultusunda, Türk edebî dilini kullanabilmek;Türk ve Dünya Edebiyatının temel özelliklerini kavrayabilmek; millî ve manevi değerlerine sahip, hoşgörülü, yurt ve dünya meseleleri karşısında düşünce üretebilen, eleştiri yapabilen, demokratik görüşlü bir vatandaş olarak kendi kendini yetiştirebilmektir;
- Programın öğrencilere olan yardımı:
- Türk dili ve edebiyatı kural ve kaideleri yanısıra onun işlevsel üsluplarını kavrayıp kullanabilmek;
- Edebiyat, kültür ve bilimde en iyi iletişim aracı olarak dilin fonksiyonlarını anlayabilmek ve kullanabilmek;
- Kendi bilgi, his, tutum, duygu ve düşünceleri kendi başına doğru ve düzgün ifade edebilmek;
- Türk edebî dili kurallarını her türlü ifadelerde özen gösterip ve onu kullanabilme alışkanlığını yaratabilmek ve başkalarında da var olan hataları düzeltebilmek;
- Türk edebî dilinin, Türk milli kimliğinin temel unsurlarından biri olduğu bilincini gösterip pekiştirebilmek;

- Türk ve Dünya edebî eserlerini okurken, onları daha iyi anlayabilmesi için edebiyat kuramı ile edebiyat tarihinden olan (terim, kuramlar) ve metodolojik bilgileri kavrayabilmek;
- Kendi dil, edebî ve genel ifade bilgi, beceri ve yeteneklerini, medyayı (tiyatro, film, basın ve elektronik medya) kavrayabilme, anlayabilme ve bunları eleştirisel gözü ile kullanabilmek;
- Duygusal ve entelektüel yetenek ve becerilerini (duygusal olgunluk,entelektüel olgunluk) geliştirebilmek;

Toplum tarafından kabul bulan davranışlar (sosyal olgunluk) kavramak ve geliştirebilmek.

## 2.2. Özel amaçlar

- Makedonya Cumhuriyetindeki Türk halkının vazgeçilmez temel unsurlarının başında gelen Türk dilini, özelliklerini bozmadan ve aşırılığa kaçmadan, edebiyatımızın seçkin eserlerini okutarak öğretmek;

- Dilin millet hayatındaki yerini iyice belirterek, köklü kurallar kazanmış bir dilin eğitim ve öğretimdeki yerini kavratmak;

